# УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПАЦИЕНТОТ
# CYPLOS SANOHALER 50mcg/500mcg inhalation powder
# ЦИПЛОС САНОХАЛЕР 50mcg/500mcg прашок за инхалирање
# salmeterol/fluticasone propionate

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството.**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети, дури ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако некое несакано дејство стане сериозно или ако забележите несакано дејство кое не е опишано во ова упатство, Ве молиме до го известите Вашиот лекар или фармацевт.

**Упатството содржи:**


1. Што претставува CYPLOS SANOHALER и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да го употребите лекот CYPLOS SANOHALER
3. Како да го употребувате лекот CYPLOS SANOHALER
4. Можни несакани дејства на лекот CYPLOS SANOHALER
5. Чување на лекот CYPLOS SANOHALER
6. Дополнителни информации


## 1.ШТО ПРЕТСТАВУВА CYPLOS SANOHALER И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

CYPLOS SANOHALER содржи два лека, салметерол и флутиказон пропионат:

- Салметерол е долго-делувачки бронходилататор. Бронходилататорите помагаат дишните патишта во белите дробови да останат отворени. Ова го олеснува влегувањето и излегувањето на воздухот. Ефектот трае најмалку 12 часа.
- Флутиказон пропионат е кортикостероид, кој го намалува отокот и иритацијата во белите дробови.

Лекарот Ви го препишал овој лек за да Ви помогне во превенирање на проблемите со дишењето, како што се:

- Астма
- Хронична Опструктивна Белодробна болест(ХОББ). CYPLOS SANOHALER во доза од 50mcg/500mcg го редуцира бројот на влошувањата на ХОББ симптомите.

Потребно е да го употребувате CYPLOS SANOHALER секој ден, според инструкциите на Вашиот лекар. Ова ќе обезбеди лекот да делува адекватно, контролирајќи ја Вашата асма и ХОББ.

CYPLOS SANOHALER помага во стопирање на појавата на недостаток на воздух и свирење во градите. Сепак CYPLOS SANOHALER не делува во моментот кога Вие чуствувате недостаток на воздух или свирење во градите. Ако тоа се случи, Вие треба да употребите брзо делувачки "олеснувачки" лек, како што е салбутамол. Секогаш имајте го со Вас Вашиот брзо-делувачки "олеснувачки" инхалатор.

## 2.ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ CYPLOS SANOHALER

**Не го употребувајте CYPLOS SANOHALER ако:**

Ако сте алергични (хиперсензитивни) на салметерол, флутиказон пропионат или на другата состојка лактоза монохидрат.

**Посебни мерки на претпазливост**

Вашиот доктор ќе го следи Вашиот третман почесто, ако Вие имате:

- Срцево заболување, вклучувајќи и нерегуларен или брз срцев ритам;
- Прекумерно активна тироидна жлезда;
- Висок крвен притисок;
- Дијабетес мелитус (CYPLOS SANOHALER може да го зголеми нивото на шеќерот во крвта);
- Ниски вредности на калиум во крвта;
- Туберкулоза (ТБ) активна во сегашноста или минатото, или други белодробни инфекции.

**Земање на други лекови со CYPLOS SANOHALER**

Кажете му на Вашиот лекар или фармацевт ако употребувате или неодамна сте употребувале било кој друг лек. Ова ги вклучува и лековите за астма или било кој лек, што сте го набавиле без рецепт. Ова е важно бидејќи CYPLOS SANOHALER може да не е погоден да биде употребуван заедно со некој друг лек.

Кажете му на Вашиот лекар ако употребувате некој од следниве лекови, пред да почнете да го употребувате CYPLOS SANOHALER:

- Бета- блокатори (како атенолол, пропранолол и соталол), Бета-блокаторите се најчесто употребувани за висок крвен притисок или други срцеви заболувања.
- Лекови за терапија на инфекции (како ритонавир, кетоконазол, итраконазол и еритромицин).

Некои од овие лекови можат да го зголемат количеството на флутиказон пропионат или салметерол во Вашето тело. Ова може да го зголеми ризикот од настанување на несакани ефекти со CYPLOS SANOHALER, вклучително неправилна работа на срцето, или да ги влоши несаканите ефекти.

- Кортикостероиди (земени преку уста или инјекција). Ако неоддамна сте ги употребувале овие лекови, тие можат да го зголемат ризикот да лекот влијае врз Вашата надбубрежна жлезда.
- Диуретици, исто така познати како "водени таблети" кои се користат за третман на висок крвен притисок.
- Други бронходилататори (како салбутамол).
- Лекови ксантини. Овие се најчесто користени за третман на астма.

**Бременост и доење**

Ако сте бремени, или доите, или мислите дека можеби сте бремена или планирате да забремените, советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт, пред да го употребите овој лек.

**Возење и управување со машини**

Не се очекува CYPLOS SANOHALER да влијае врз Вашата способност за возење и управување со машини.

**Важни информации за некои од состојките на CYPLOS SANOHALER**

CYPLOS SANOHALER секоја доза содржи лактоза. Бидејќи администрацијата е со инхалација, нема посебни предупредувања.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ

**3.КАКО ДА ГО УПОТРЕБУВАТЕ ЛЕКОТ CYPLOS SANOHALER**

Секогаш употребувајте го овој лек точно како што Ви кажал Вашиот лекар или фармацевт. Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт доколку не сте сигурни.

- Употребувајте го CYPLOS SANOHALER секој ден , се додека Вашиот лекар не Ве советува да престанете. Не земајте повеќе од препорачаната доза. Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт доколку не сте сигурни.
- Не прекинувајте со земање на CYPLOS SANOHALER и не ја намалувајте дозата без претходна консултација со Вашиот лекар.
- CYPLOS SANOHALER треба да се инхалира преку уста во белите дробови.

**За астма**

**Возрасни и адолесценти на возраст од 12 години и постари**

- CYPLOS SANOHALER 50/100 - една инхалација, два пати дневно
- CYPLOS SANOHALER 50/250 - една инхалација, два пати дневно
- CYPLOS SANOHALER 50/500 - една инхалација, два пати дневно

**Деца на возраст од 4 до 12 години**

- CYPLOS SANOHALER 50/100 - една инхалација, два пати дневно
- CYPLOS SANOHALER не се препорачува кај деца под 4-годишна возраст.

**За возрасни со Хронична Опструктивна Белодробна Болест (ХОББ)**

- CYPLOS SANOHALER 50/500 - една инхалација, два пати дневно

Вашите симптоми може да станат добро контролирани со употреба на CYPLOS SANOHALER два пати дневно. Тогаш Вашиот лекар може да одлучи да ја намали дозата на еднаш на ден. Таа доза може да се менува:

- еднаш навечер - ако имате **ноќни** симптоми
- еднаш наутро – ако имате **дневни** симпптоми

Многу е важно да ги следите инструкциите од Вашиот лекар, за тоа колку инхалации да земате и колку често да го употребувате Вашиот лек.

Ако употребувате CYPLOS SANOHALER за астма Вашиот лекар ќе сака редовно да ги проверува Вашите симптоми.

**Ако Вашата астма или дишење се влошат, веднаш известете го Вашиот лекар.** Може да почуствувате свиркање во градите, стегање во градите или може да имате повеќе потреба од Вашиот брзо-делувачки "олеснувачки" лек. Ако било што од ова Ви се случи Вие треба да продолжите да го употребувате CYPLOS SANOHALER, но не го зголемувајте бројот на инхалации. Вашата состојба може да се влоши и Вие може сериозно да се разболите. Посетете го Вашиот лекар бидејќи можеби Ви треба дополнителна терапија.

**CYPLOS SANOHALER упатство за употреба**

CYPLOS SANOHALER е инхалер кој овозможува доставување на прашокот кој е подготвен во одмерена доза до белите дробови по пат на инхалација. Како што е наведено во деталните инструкции за употреба подолу, прво треба да се отвори капакот на санохалерот и санохалерот ќе се подготви за користење со притискање на копчето за подготовка на дозата кое е сместено на

страната. Апликаторот за уста од санохалерот се става во уста. Со цел да се добие целосна вдишување, апликаторот наменет за устата треба да се стави во устата на начин на кој нема да остане слободен простор. Потоа дозата се вдишува. По вдишувањето, капакот на санохалерот цврсто се затвора. Копчето за подготовка на дозата автоматски се враќа на првата позиција кога капакот на санохалерот е затворен. Копчето за подготовка на дозата ќе биде во заклучена состојба кога капакот е затворен.

Санохалерот има 60 дози во прашок, сместени одделно. Индикаторот за дози се наоѓа во долниот дел од санохалерот и покажува уште колку дози има преостанато. Бројките помеѓу 10-0 се во црвена боја, со цел да Ве предупредат дека се останати уште неколку дози.

Како да го користите CYPLOS SANOHALER за да го земете лекот е прикажано во 4 чекори:

1. Отворање на капакот на санохалерот
2. Притискање на копчето за подготовка на дозата
3. Вдишување
4. Затворање на капакот на санохалерот

1. **Отворање на капакот на** санохалерот

За да го отворите санохалерот, држете го со едната рака, а со другата рака отворете го капакот во насока на стрелката. Не го притискајте копчето за подготовка на дозата со сила додека капакот на санохалерот е затворен.





**2. Притискање на копчето за подготовка на дозата**

Држете го санохалерот со апликаторот за уста свртен кон Вас. Притиснете го копчето за подготовка на дозата се додека не слушнете звук на "клик". Сега санохалерот е подготвен за употреба.






АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА *СКОПЈЕ*

**3. Вдишување**

Прочитајте го овој дел внимателно пред вдишување на лекот.

- Држете го санохалерот подалеку од Вашата уста и издишете колку што можете.
- **Не заборавајте - никогаш не издишувајте во санохалерот.**
- Апликаторот наменет за устата треба да го ставите во устата на начин на кој нема да остане слободен простор. Вдишете мирно и длабоко. Не вдишувајте преку Вашиот нос, туку преку санохалерот.
- По инхалацијата тргнете го санохалерот од Вашата уста.
- Задржете го Вашиот здив 10 секунди или онолку долго колку што ќе можете. Потоа, можете да продолжите со вдишување и издишување нормално.



**4. затворање на капакот на санохалерот**

За да го затворите санохалерот, држете го санохалерот со една рака, за да го затворите капакот цврсто со другата рака.

Ќе слушнете звук "клик" кога ќе го затворите капакот на санохалерот и копчето за подготовка на дозата автоматски ќе се врати на првата позиција. Копчето за подготовка на дозата ќе биде во заклучена состојба кога капакот е затворен.






Ако Вашиот лекар Ви препорача да земете две дози за инхалација , треба да го затворите капакот на санохалерот по првото вдишување и да ги повторите чекорите од 1 до 4 како што е објаснето погоре.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
СКОПЈЕ

**НЕ ЗАБОРАВАЈТЕ!**

Дозата што треба да се вдиши е подготвена за инхалација по притискање на копчето за подготовка на дозата.

Во случај кога дозата не се вдишува, остатокот од лекот останува во комората, што може да го наруши механизмот на работа на санохалерот и да предизвика проблеми за вдишување на следните дози.

Чувајте го санохалерот подалеку од вода и влажни средини.

Чувајте го капакот затворен кога не го користите санохалерот.

Никогаш не издишувајте во санохалерот.

Притиснете го копчето за подготовка на дозата само тогаш кога сте подготвени да го вдишете лекот и кога капакот е отворен.

Не го притискајте копчето за подготовка на дозата со сила додека капакот на санохалерот е затворен.

Не земајте дози повисоки од оние препорачани од страна на Вашиот лекар.

Да се чува на места недостапни за деца, во оригинално пакување.

**Ако употребите повеќе од CYPLOS SANOHALER отколку што треба**

Важно е да го употребувате CYPLOS SANOHALER според инструкциите. Ако случајно земете поголема доза од препорачаната, известете го Вашиот лекар или фармацевт. Може да забележите дека Вашето срце чука побрзо од вообичаено и да почувствувате тремор. Може да имате вртоглавица, главоболка, слабост во мускулите и болка во зглобовите.

Ако сте употребувале поголеми дози подолг период Вие треба да се консултирате со Вашиот лекар или фармацевт. Поголеми дози од CYPLOS SANOHALER може да ја намалат количината на стероидни хормони продуцирана од адреналната жлезда.

**Ако заборавите да го употебите CYPLOS SANOHALER**

Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената. Само земете ја Вашата следна доза во вообичаеното време.

**Ако престанете да го употребувате CYPLOS SANOHALER**

Многу е важно да го земате CYPLOS SANOHALER секој ден онака како што Ви е препорачано. Продолжете да го употребувате се додека Вашиот лекар не Ви каже да престанете. Не престанувајте или наеднаш не ја намалувајте дозата на CYPLOS SANOHALER. Ова може да ги влоши Вашите проблеми со дишењето.

Дополнително, доколку наеднаш престанете со земање на CYPLOS SANOHALER или ја намалите дозата на CYPLOS SANOHALER, тоа може (многу ретко) да предизвика да имате проблеми со надбубрежната жлезда (адренална инсуфициенција), која што понекогаш предизвикува несакани реакции.

Овие несакани ефекти може да вклучуваат:

- Болки во стомакот;
- Замор и губење на апетит, гадење;
- Лошење и дијареа;
- Губење на телесна тежина;
- Главоболка и поспаност;

- Ниско ниво на калиум во крвта;
- Низок крвен притисок и напади.

Кога Вашето тело е под стрес, траума (како автомобилска несреќа), инфекција или операција, адреналната инсуфициенција може да се влоши и може да имате некој од несаканите ефекти наведени погоре.

Доколку имате било какви несакани ефекти, разговарајте со Вашиот лекар или фармацевт. За да го превенира појавувањето на овие симптоми, Вашиот лекар може да Ви препише дополнителни кортикостероиди во таблетарна форма ( како преднизолон).

Ако имате потреба од понатамошни информации за употребата на овој лек прашајте го Вашиот лекар, медицинска сестра или фармацевт.

## 4.МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА НА ЛЕКОТ CYPLOS SANOHALER

Како и сите лекови и овој лек може да предизвика несакани ефекти, кои не се појавуваат кај сите пациенти. За да се намали можноста за несакани ефекти, Вашиот лекар ќе Ви ја препише најмалата доза од CYPLOS SANOHALER што ќе ја контролира Вашата астма или ХОББ.

Алергиски реакции: може да забележите Вашето дишење да се влоши веднаш по употреба на CYPLOS SANOHALER. Може да имате свирење во градите и да кашлате или да чувствувате недостаток од воздух. Исто така, може да почувствувате чешање, осип и отекување (обично на лицето, усните, јазикот или грлото), или може да почувствувате брзо биење на срцето, со слабост што може да доведе до губење на свеста. Ако ги почувствувате овие ефекти или ако тие се појават одеднаш по употреба на CYPLOS SANOHALER, престанете со земање на CYPLOS SANOHALER и веднаш известете го Вашиот лекар. Алергиските реакции на CYPLOS SANOHALER се многу ретки (тие се јавуваат кај помалку од 1 лице на 100).

**Другите несакани ефекти се наведени подолу:**

**Многу чести (се јавуваат кај повеќе од 1 лице на 10)**

- Главоболка – ова обично се подобрува со продолжување на третманот.
- Зголемен број на настинки се пријавени кај пациентите со ХОББ.

**Чести (се јавуваат кај помалку од 1 лице на 10)**

- Кандидијаза (болни, кремасто-жолти наслаги, дамки) во устата и грлото. Исто така, болен јазик, иритација во грлото и зарипнат глас. **Ова се превенира со плакнење на устата со вода и исплукување и/или миење на забите, веднаш после земање на секоја доза од Вашиот лек.** Вашиот лекар може да Ви препише антифунгални лекови, како терапија за кандидијазата.
- Болки, отекување на зглобовите и мускулна болка.
- Мускулни грчеви.

Следниве несакани ефекти се, исто така, пријавени кај пациенти со Хронична Опструктивна Белодробна Болест (ХОББ)

- Пневмонија и бронхитис (белодробна инфекција). Кажете му на Вашиот лекар ако забележите некои од следниве симптоми: зголемена продукција на спутум (шлајм), промена на бојата на спутумот, треска, грозница, зголемено кашлање, влошување на проблемите со дишењето.
- Модринки и фрактури.
- Воспаление на синусите (чувство на напнатост и полност на носот, образите и позади очите, понекогаш со пулсирачка болка).

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА *СКОПЈЕ*

- Намалување на количеството на калиум во крвта (може да почувствувате нерамномерно срце-биење, мускулна слабост, грчеви).

**Помалку чести (се јавуваат кај помалку од 1 лице на 100)**

- Зголемување на нивото на шеќер (гликоза) во крвта (хипергликемија). Ако имате дијабетес, може да биде потребно почесто проверување на крвниот шеќер и прилагодување на Вашата вообичаена дијабетична терапија.
- Катаракта (заматување на леќата во окото).
- Брзо чукање на срцето (тахикардија).
- Чувство на тремор (треперење) и брзо или нерамномерно срце-биење (палпитации)-овие се обично безопасни и стануваат поретки со продолжување на терапијата.
- Болки во градите.
- Чувство на загриженост (обично се појавува кај деца).
- Нарушено спиење.
- Алергиски кожен осип.

**Ретки (се јавуваат кај помалку од 1 лице на 1000)**

- Потешкотии при дишењето или свирење во градите, што се влошува веднаш по употреба на CYPLOS SANOHALER. Ако се случи ова престанете да го упоребувате CYPLOS SANOHALER. Употребете го Вашиот брзо-делувачки "олеснувачки" инхалер, за да Ви помогне во дишењето, и известете го Вашиот лекар веднаш.
- CYPLOS SANOHALER може да влијае врз нормалната продукција на стероидни хормони во телото, особено ако сте земале високи дози, во тек на долг период. Овие ефекти вклучуваат:
  - Успорување на растот на децата и адолесцентите,
  - Намалување на густината на коските,
  - Глауком,
  - Зголемување на телесната тежина,
  - Заоблено (во облик на месечина) лице (Кушингов синдром).

Вашиот лекар ќе Ве контролира редовно за било кој од овие несакани ефекти и ќе обезбеди Вие да примате најмала доза од CYPLOS SANOHALER што ќе ја контролира Вашата астма.

- Промени во однесувањето, како што е невообичаена надразливост и активност (овие ефекти главно се јавуваат кај децата).
- Нерамномерно срце-биење или екстра отчукувања (аритмија). Кажете му на Вашиот лекар, но не престанувајта да го употребувате CYPLOS SANOHALER, освен ако Вашиот лекар не Ви каже да престанете.
- Габична инфекција во хранопроводот, која може да предизвика потешкотии при голтањето.

**Со непозната фреквенција, но сепак може да се јават**

- Депресија или агресија. Овие несакани ефекти со поголема веројатност може да се манифестираат кај децата.

## 5.ЧУВАЊЕ НА ЛЕКОТ CYPLOS SANOHALER

Да се чува на места недостапни за деца.

Да се чува на собна температура до 25°C, во оригинално пакување.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

Не го употребувајте CYPLOS SANOHALER по истекот на рокот на употреба.

## 6.ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи CYPLOS SANOHALER**

Секоја доза за инхалација содржи 72,6 mcg салметерол ксинафоат еквивалентно на 50 mcg салметерол и 500 mcg +5% доза во вишок флутиказон пропионат и лактоза монохидрат како помошна состојка.

**Како изгледа CYPLOS SANOHALER и што содржи пакувањето**

- Хомоген прашок за инхалирање со бела боја.
- инхалерот **SANOHALER** содржи 60 дози за инхалирање / картонска кутија.

**Производител:**

Sanovel İlaç San. ve Tic. A.Ş. -34580 Silivri - Истанбул / Турција

**Носител на одобрението за промет во Република Македонија:**

Сановел Илач Санаји ве Тиџ.А.Ш.- Претставништво Скопје

Ул. Првомајска бб – Скопје

**Начин на издавање на лекот**

Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р).

**Број и датум на решението за ставање на лекот во промет**

**Датум на последната ревизија на упатството**

Август 2016 година

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

******************************************************************************

**Упатство за употреба**

CYPLOS SANOHALER е инхалер кој овозможува доставување на прашокот кој е подготвен во одмерена доза до белите дробови по пат на инхалација. Како што е наведено во деталните инструкции за употреба подолу, прво треба да се отвори капакот на санохалерот и санохалерот ќе се подготви за користење со притискање на копчето за подготовка на дозата кое е сместено на страната. Апликаторот за уста од санохалерот се става во уста. Со цел да се добие целосно вдишување, апликаторот наменет за устата треба да се стави во устата на начин на кој нема да остане слободен простор. Потоа дозата се вдишува. По вдишувањето, капакот на санохалерот цврсто се затвара. Копчето за подготовка на дозата автоматски се враќа на првата позиција кога капакот на санохалерот е затворен. Копчето за подготовка на дозата ќе биде во заклучена состојба кога капакот е затворен.

Санохалерот има 60 дози во прашок, сместени одделно. Индикаторот за дози се наоѓа во долниот дел од санохалерот и покажува уште колку дози има преостанато. Бројките помеѓу 10-0 се во црвена боја, со цел да Ве предупредат дека се останати уште неколку дози.

Како да го користите CYPLOS SANOHALER за да го земете лекот е прикажано во 4 чекори:

1. Отворање на капакот на санохалерот
2. Притискање на копчето за подготовка на дозата
3. Вдишување
4. Затворање на капакот на санохалерот

1. **Отворање на капакот на** санохалерот

За да го отворите санохалерот, држете го со едната рака, а со другата рака отворете го капакот во насока на стрелката. Не го притискајте копчето за подготовка на дозата со сила додека капакот на санохалерот е затворен.



**2. Притискање на копчето за подготовка на дозата**

Држете го санохалерот со апликаторот за уста свртен кон Вас. Притиснете го копчето за подготовка на дозата се додека не слушнете звук на "клик". Сега санохалерот е подготвен за употреба.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА *СКОПЈЕ*






**3. Вдишување**

Прочитајте го овој дел внимателно пред вдишување на лекот.

- Држете го санохалерот подалеку од Вашата уста и издишете колку што можете.
- Не заборавајте - никогаш не издишувајте во санохалерот.
- Апликаторот наменет за устата треба да го ставите во устата на начин на кој нема да остане слободен простор. Вдишете мирно и длабоко. Не вдишувајте преку Вашиот нос, туку преку санохалерот.
- По инхалацијата тргнете го санохалерот од Вашата уста.
- Задржете го Вашиот здив 10 секунди или онолку долго колку што ќе можете. Потоа, можете да продолжите со вдишување и издишување нормално.



**4. затворање на капакот на санохалерот**

За да го затворите санохалерот, држете го санохалерот со една рака, за да го затворите капакот цврсто со другата рака.

Ќе слушнете звук "клик" кога ќе го затворите капакот на санохалерот и копчето за подготовка на дозата автоматски ќе се врати на првата позиција. Копчето за подготовка на дозата ќе биде во заклучена состојба кога капакот е затворен.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *






Ако Вашиот лекар Ви препорача да земете две дози за инхалација , треба да го затворите капакот на санохалерот по првото вдишување и да ги повторите чекорите од 1 до 4 како што е објаснето погоре.

**НЕ ЗАБОРАВАЈТЕ!**

Дозата што треба да се вдиши е подготвена за инхалација по притискање на копчето за подготовка на дозата.

Во случај кога дозата не се вдишува, остатокот од лекот останува во комората, што може да го наруши механизмот на работа на санохалерот и да предизвика проблеми за вдишување на следните дози.

Чувајте го санохалерот подалеку од вода и влажни средини.

Чувајте го капакот затворен кога не го користите санохалерот.

Никогаш не издишувајте во санохалерот.

Притиснете го копчето за подготовка на дозата само тогаш кога сте подготвени да го вдишете лекот и кога капакот е отворен.

Не го притискајте копчето за подготовка на дозата со сила додека капакот на санохалерот е затворен.

Не земајте дози повисоки од оние препорачани од страна на Вашиот лекар.

Да се чува на места недостапни за деца, во оригинално пакување.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *